# О Д Л У К А
## за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2024 година

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка АД Скопје на седницата одржана на ден 04.12.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје**
**за 2024 година**

1. Со оваа Одлука се избира друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, да врши ревизија на единечните и консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2024 година.

2. Меѓусебните права, обврски и одговорности да се уредат со Договор за извршување на ревизија на финансиските извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2024 година во износ на денарска противвредност од 79.500 еур плус 18% ДДВ.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Маја Камчева-Ставрева

ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
**кон Одлуката за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2024 година**

Согласно со Законот за банките на Република Северна Македонија член 89 став 3 точка 22 и член 91 став 9 точка 9, Надзорниот одбор на Банката го одобрува предлогот на Одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија кое ќе ги изготви ревизорските извештаи на Банката за 2024 година. Предлогот согласно член 86 став 1 точка 9 од Законот за банки (и одредбите на Статутот на Банката) се проследува до Собранието на акционери за конечен избор.

Во координација и препорака од Групацијата и имајќи предвид дека ПрајсвотерхаусКуперс е Групациски ревизор, се предлага ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје да биде избран за надворешен ревизор за 2024 година.

Врз основа на погореспоменатото, Надзорниот одбор предлага на Собранието на акционери на Банката за надворешен ревизор за 2024 година да биде избран ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје.

Договорот вклучува изготвување на извештај и независно мислење согласно со локалната регулатива, Групациските стандарди и МСФИ.

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје**

Врз основа на член 86 став 1 точка 1 од Законот за банките и член 29 став 1 точка 1 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје**

I. Во Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје од 19.12.2023 година, се вршат следните измени и дополнувања:

**Член 49**

1) Во член 49, став 1, точка 22, зборот "одделот" се заменува со зборовите "одговорните лица" и на крајот од истата точка се додаваат зборовите "и СППФТ".

**Член 54**

2) Во член 54, став 1, потточка 6, зборовите "контрола на усогласеност со прописи" се заменуваат со кратенката "СППФТ".

**Член 65**

3) Во член 65, став 5, алинеа 1, по зборовите "човечки ресурси" се додава запирка и се бришат зборовите "и за координација на". Во истата алинеа, по зборовите "Генерален Секретаријат и" се додаваат зборовите "за координација на".

4) Во член 65, став 5, алинеа 3, зборовите "банкарски операции" се заменуваат со зборовите "усогласеност со прописи, СППФТ и правни работи".

5) Во член 65, став 5, алинеа 4, се брише зборот "и" по зборовите "информатичка технологија", се додава запирка и по зборот "организација" се додаваат зборовите "и активности поврзани со банкарски операции".

**Член 85**

6) Во член 85, став 1, алинеа 5, по зборовите "и одговорности дефинирани" се додаваат зборовите "со овој Статут", а последователниот дел од алинеата се брише.
7) Во член 85, по ставот 1, се додава нов став кој гласи:
"Како останати лица со посебни права и одговорности се дефинираат: директори на Сектори и Дирекции, одговорно лице за контрола на усогласеност со прописите и одговорно лице за СППФТ."
8) Во член 85, постоечкиот став 3 се брише во целост.

**Член 106**

9) член 106 се менува и гласи како што следи:

"Со донесување на овој Статут престанува да важи Статутот од 19.12.2023 година."

1. Собранието на Акционери го овластува Надзорниот Одбор на Банката да ја дополни или измени оваа Одлука согласно барање на НБРСМ во постапката за добивање согласност за измена и дополнување на Статутот на Банката.

2. Се овластува Надзорниот одбор на Банката да изготви пречистен текст на Статутот на Банката, а Претседателот на Надзорниот одбор да го потпише пречистениот текст на Статутот на Банката.

3. Оваа Одлука стапува на сила по добивањето на согласност од страна на Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија.

**Образложение**

Согласно Законот за банки, измените и дополнувањата на Статутот на Банката се предмет на одобрување на Собранието на акционери на Банката, а предлозите до Собранието на акционери ги утврдува Надзорниот одбор на Банката. Дополнително, измените и дополнувањата на Статутот се предмет на претходна согласност од страна на Народната Банка.

Измената на Статутот се предлага поради планираната реорганизација на надлежностите на Членовите на Управниот одбор, како и поради планирана измена на организациската структура на Банката.

Согласно со наведеното се јави потреба за измена на Статутот, поради што се предлага Собранието на Банката да ја донесе Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, која што ќе стапи на сила по добивањето на согласност од страна на Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач
Маја Камчева-Ставрова

ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје